
КИСЕЛА ВОДА
КИСЕЛА ВОДА ЗА СИТЕ
www.kiselavoda.gov.mk
СПОРТСКИ
ЛЕТЕН
-КАМП-
БЕСПЛАТНО ЛЕТУВАЊЕ ВО ОХРИД ЗА ДЕЦАТА ОД КИСЕЛА ВОДА

Бесплатно летување за дечињата од социјален ризик и спортските таленти!

Во месец август, бесплатен летен спортско-едукативен камп ќе посетуваат учениците од социјално ранливите семејства и младинските екипи составени од ученици кои учат во основните училишта во Кисела вода, а се членови на спортските клубови регистрирани на територија на општината.

Иницијативата, која е плод на посветеноста за промовирање на спортот и здравиот начин на живот, ги промовира и еднаквите можности за учество и развој на сите деца, без разлика на нивната финансиска состојба.

Овој бесплатен седумдневен камп на брегот на Охридското Езеро ќе биде повеќе од обично дружење.

Тој претставува можност за нашите ученици да се социјализираат, да создадат нови пријателства и да ги развиваат своите спортски таленти.

Верувам дека преку вакви активности, децата ќе можат да ги зајакнат своите спортски вештини, но и да научат важни животни лекции за тимска работа, дисциплина и посветеност.

Во склоп на кампот, обезбеден е и познатиот охридски спортски комплекс ,,Аквалина”, каде што децата ќе ги одржуваат своите тренинзи и ќе спортуваат со наставници и сертифицирани едукатори.

Овие спортски кампови се стимул за спортистите да продолжат да се натпреваруваат и да ги постигнуваат своите цели, но исто така претставуваат и обид да се избегне маргинализацијата на децата од социјално ранливите семејства.

Сите деца, без разлика на нивната социјална позадина, треба да имаат еднаква шанса за успех и развој!

Се гледаме на заедничко дружење од кое ќе останат многу спомени!